**Република Северна Македонија**
**Општина Крушево**
**Бр. 21-236/11**
**од 22.04.2026 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 50 став (1) точка 4 и 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и 84/20) и („Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) како и донесената Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година бр. 08-64/8 од 18.01.2024 година, Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година, бр. 08-1077/12 од 29.11.2024 година, Измена и дополнување на програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година бр. 08-912/12 од 05.08.2025 година и Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2026 година бр.08-1219/13 од 03.12.2025 година, донесени од Советот на општина Крушево, Градоначалникот на општина Крушево објавува:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## за организирање на јавен увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) до 1 MW на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево вон град, општина Крушево

Се организира јавен увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) до 1 MW на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево вон град, општина Крушево.

Проектниот опфат е со површина од 1,54ха и се наоѓа на територијата на Општина Крушево, односно КО Крушево вон град, северозападно од градот Крушево на оддалеченост од околу 2км, на надморска висина од околу 1270-1310м. Во состав на проектниот опфат влегуваат четири катастарски парцели: КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево-вон град, Општина Крушево.

Јавниот увид се организира со излагање на планот во Центарот за информирање на граѓаните на Општина Крушево и во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево, соба број 23, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот, а ќе трае 15 денови, почнувајќи од почнувајќи од 24.04.2026 година до 08.05.2026 година. Во исто време ќе се спроведува и во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам, а ќе биде објавена и на веб страната на општината www.krusevo.gov.mk.

Предлог Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е 1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) до 1 MW на КП 2228, КП 2229, КП 2230 и КП 2153, КО Крушево вон град, општина Крушево, во печатена форма ќе биде истакнат во просториите на Центарот за информирање на граѓаните на општина Крушево и Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево.

Сите заинтересирани субјекти, физички и правни лица во предвидениот рок, на анкетни листови ќе можат да ги доставаат своите забелешки, мислења и предлози по предлогот на планот. Анкетните листови можат да се подигнат во соба број 23 секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот.

**Општина Крушево**
**Градоначалник,**

**Нико Чонески**